**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-781/10
Датум: 04-05-2022
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 174 став 1, член 175 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ 178/2021), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **IX** редовна седница одржана на **4.V 2022 год.**, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1259 од 15.IV 2022 година за избор на **д-р Марјан Ѓуровски** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Интегрална безбедност (шифра 51503) и Друго (шифра 51610).

2. Се избира **д-р Марјан Ѓуровски** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Интегрална безбедност (шифра 51503) и Друго (шифра 51610).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос со договор за работа на полно работно време за времето на кое е избран, определено со Законот за високото образование.

3. На **д-р Марјан Ѓуровски** се потврдува изборот во наставно-научно звање **вонреден професор, за време од пет години** сметано од 18.9.2019 година.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Известувањето од Министерството за финансии на РСМ за обезбедени финансиски средства за вработување со арх. бр. 18-1106/2 од 16.02.2022 год е распишан Конкурс за избор во наставно-научните звања по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 4.III 2022 година, на кој се пријави: д-р Марјан Ѓуровски.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-781/8 од 13.IV 2022 год., беше предложен кандидатот д-р Марјан Ѓуровски за потврдување на избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 4.V 2022 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот, односно постапката за избор во наставно-научно звање вонреден професор да заврши со засновање на работен однос со полно работно време и согласно со Законот за високото образование, Законот за работните односи и Колективниот договор за високо образование и наука, ќе се склучи договор помеѓу Универзитетот, Факултетот и д-р Марјан Ѓуровски.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуван/ата, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

________________________
Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова